Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 06.01.2022

На 05.01.2022 во 22.30 часот на бул.„Маршал Тито" во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница ги лишиле од слобода С.С.(33), Н.В.(28) и К.В.(34), сите од Виница. При претрес во домот и возилото на С.С., извршени со судска наредба, како и претрес во возилото на Н.В., во кое се превезуваше тројата, беше пронајдени и одземени марихуана и повеќе предмети со остатоци од марихуана. Тие беше приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денеска (06.01.2022) во 03.00 часот во с.Маково, општина Новаци, полициски службеници од Полициското одделение Новаци го лишиле од слобода Т.Т.(38) од с.Маково. Тој бил баран по потерница од Казнено-поправната установа Затвор Битола за доиздржување затворска казна. Тој бил предаден во Казнено-поправната установа Затвор Битола за доиздржување на казната затвор.

На 05.01.2022 во 14.20 часот во с.Слатино, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Тетово ги лишиле од слобода М.Ѓ.(47) од с.Слатино. Тој бил баран по потерница од Основен суд Тетово за издржување казна затвор за сторено кривично дело по член 206 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 05.01.2022 во 21.00 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го привеле А.А.(23) од Радовиш. Тој бил баран со потерница од Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување затворска казна. Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 05.01.2022 во 23.45 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.М.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.01.2022 во 15.45 часот на ул.„Самоилова" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.01.2022 во 17.50 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Ј.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.01.2022 во 13.00 часот на Граничен премин Долно Блаце од слобода бил лишен Ј.И.(34) од Косово затоа што при извршени проверки и контрола било констатирано дека на увид приложил лажен сертификат за вакцинација. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 22.00 часот во н.Илинден, скопско, полициски службеници од Полициското одделен Петровец ги лишиле од слобода А.Н.(24) од н.Илинден и А.М.(23) од с.Марино, скопско. Тие се сомничаат дека околу 10.00 часот на железничка станица во Илинден со закана одзеле пари и мобилен телефон од А.Х.(29), Н.К.(21), В.У.(19) и еден малолетник, сите од Авганистан. Кај нив биле пронајдени два пиштоли ЦЗ 99 калибар и две рамки со 10, односно 15 куршуми 9 мм. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 15.00 часот на ул.„Ерејска" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода К.Н.(24) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.01.2022 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Иван Хаџиниколов" и ул.„Ромен Ролан", патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(53) од Скопје, удрило во З.А.(36) од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на вчерашниот ден (05.01.2022) во периодот од 12.00 до 16.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непропишно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 101 возач. Од нив, 27 на територијата на СВР Охрид, 16 на територија на СВР Тетово, по 11 возачи непропишно престигнуваше на територијата на СВР Битола и СВР Велес...

На 05.01.2022 во 07.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.1523 се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(41) од Скопје и патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.М.(30) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот М.М. и малолетен сопатник во неговото возило, констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (05.01.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 143 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 24 санкции, 21 мерка за возење без возачка дозвола, четири за технички неисправни и нерегистрирани возила.Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за непропишно престигнување и обиколување.

На 05.01.2022 во 08.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека во с.Колешино, струмичко, товарно возило „цитроен цампер" со струмички регистарски ознаки, управувано од К.В.(57) од с.Босилово, струмичко, удрило во Д.М.(79) од с.Колешино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Д.М. констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 05.01.2022 во 09.55 часот во Полициската станица Аеродром, З.М.(41) од Скопје пријавил дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бил каснат од куче скитник.

На 05.01.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Аеродром, К.А.(20) од Скопје пријавила дека на ул.„23-ти Октомври" била касната од куче скитник.

На 05.01.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, П.Р.П.(56) од Скопје пријавил дека на ул.„Ловќенска" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (05.01/06.01.2022) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 22 прекршоци.

На 05.01.2022, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Б.Т.(33) од Охрид. Тој бил затекнат при извршување кражба во куќа на улица „Винковачка" во Охрид. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 14.30 часот во Полициската станица Драчево, М.Р.(63) Скопје пријавила дека на ул., Бранко Заревски" била касната од куче скитник.

На 05.01.2022 во 15.10 часот во Полициската станица Ресен, В.С.(40) од Ресен пријавила дека на ул.„Коле Неделковски" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 05.01.2022 во 13.10 часот во СВР Струмица, Р.Ч.(69) од Струмица пријавил дека на улица „5-ти Ноември" во Струмица бил каснат од куче скитник.

На 06.01.2022 во 02.00 часот во кругот на стара „Виша школа" на ул.„Дабничка" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода И.С.(31) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување кражба во кругот на стара „Виша школа". Одземените предмети биле пронајдени и вратени. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 19.00 часот на ул.„Прохор Пчински" во Крива Паланка, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка го лишиле од слобода М.Г.(63) од Крива Паланка затоа што физички ја нападнал неговата 59-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 17.00 часот во с.Опила, кривопаланечко, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка го лишиле од слобода А.Н.(55) од с.Ранковце затоа што физички го нападнал неговиот брат. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 15.30 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.Р.(66) од Велес затоа што се обидел со остар предмет да го повреди неговиот 39-годишен син. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.01.2022 во 03.55 часот во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода П.П.(35) од Неготино затоа што физички го нападнал Б.Ј.(35) од Неготино. Од слобода бил лишен и Б.Ј. затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 16.00 часот во СВР Скопје, Т.К.(48) од Скопје пријавила дека во периодот од 31.12.2021 до 05.01.2022 на ул.„Кемал Сејфула" зрно од огнено оружје го оштетило возилото „ауди", сопственост на нејзиниот татко. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а зрното било подигнато за понатамошна постапка.

На 06.01.2022 во 00.10 часот во Полициското одделение Петровец, М.А.(57) од с.Петровец пријавил дека на 05.01.2022 околу 23.00 часот во с.Петровец бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.01.2022 во 01.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.С.(29) од Скопје пријавил дека околу 00.30 часот на ул.„Брсјачка буна" бил физички нападнат од Е.Д. и А.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.01.2022 во 20.00 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани ги лишиле од слобода И.Т.(25) и Д.А.(28), двајцата од Кочани, затоа што во 19.45 часот во трговски центар во Кочани физички го нападнале Х.А.(27) од Кочани. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.01.2022 во Полициската станица Радовиш, З.Д.(39) од Радовиш пријавила дека нејзиниот малолетен син во Радовиш бил физички нападнат од З.Л. од Радовиш. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.01.2022 во 19.26 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека околу 18.30 часот на ул.„Кеј 13-ти Ноември" две лица со закана одзеле мобилни телефони и други предмети од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.01.2022 во 22.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Брадфорска" едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.01.2022 во 17.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на ул.„Борис Трајковски" во Скопје бил пронајден починат С.И.(53) од Скопје. Смрт без траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на одбукција.

На 05.01.2022 во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение било пријавено дека од установата се оддалечил Р.Ш.М.(14) од Скопје, кој и претходно се оддалечувал, но бил пронаоѓан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.01.2022 во 09.50 часот во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода О.Н.(52) од Неготино затоа што во 09.14 часот физички ја нападнал неговата 45-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.